Врз основа на чл. 36, став (1), т.15 и чл. 62, а во врска со чл. 22, став (1), т.7 и т.9 од Законот за локалната самоуправа („Службен весник на Република Македонија“бр.5/02), чл.3 став (3) од Законот за социјалната заштита („Службен весник на Република Македонија“ бр. 79/09; 36/11; 51/11; 166/12; 15/13; 79/13; 164/13; 187/13; 38/14; 44/14; 116/14; 180/14; 33/15; 72/15; 104/15; 150/15; 173/15; 192/15; 30/16, 163/17 и 51/18), Советот на Општина Кочани на седницата одржана на 14.11.2018 година, донесе

# П Р А В И Л Н И К

## за уредување на поблиските услови и начинот на одобрување на еднократна парична помош за лекување на тешко болни лица, жители на општина Кочани кои се нашле во положба на социјален ризик

### Член 1

Со овој правилник се пропишуваат поблиските услови и начинот на одобрување на еднократна парична помош за лекување на тешко болни лица, жители на општина Кочани кои се нашле во положба на социјален ризик.

### Член 2

Еднократна парична помош за лекување на тешко болни лица, жители на општина Кочани може да се одобри на лица кои се нашле во положба на социјален ризик, за лекување во државни и/или приватни здравствени установи во Република Македонија и во странство и тоа под следните услови, односно за следните лица и/или болести:

1) Лица со вродени (стекнати со раѓање) тешки аномалии/попречености (дијагноза),
2) Церебрална парализа,
3) Заболувања кои се лекуваат со матични клетки,
4) Заболувања со пресадување на коскена срж,
5) Заболувања со пресадување/трансплатација на орган/и,
6) Тешки очни заболувања (макуларна дегенерација и ретиопатија спигментоза),
7) За обезбедување на здравствени помагала, додатоци за ампутиран/и дел/ови од телото – кои не паѓаат на товар на Фондот за здравствено осигурување на Македонија,
8) Тешко боледување на дете, нега на тешко болно дете со возраст до 18 години (карцином, целебрална парализа, деца со ретки болести и др.).

### Член 3

Барањето за остварување на правото од членот 2 на овој Правилник се поднесува во архивата на Општина Кочани до Одделението за јавни дејности и истото треба да ги содржи следните прилози - докази:

1. Фотокопија од лична карта на барателот,
2. Изјава за давање согласност за користење на лични податоци (во оригинал),
3. Изјава за семејна состојба (во оригинал),
4. Докази за болеста-дијагнозата: Како прилог на барањето барателот задолжително доставува во фотокопија релевантни писмени докази за болеста-дијагнозата за која бара еднократна парична помош и тоа: медицинска документација за болеста-дијагнозата и/или конзилијарно мислење за потребата од лекување-ако има, и др. релевантни докази-ако има).
5. Доказ за висината на средствата за лекувањето на болеста: Како прилог на барањето барателот задолжително доставува во фотокопија релевантен писмен доказ за висината на средствата потребни за лекување на болеста и тоа: профактура од здравствената установа каде треба да се врши лекувањето и/или друг доказ од кој може да се констатира висината на средствата потребни за лекувањето.

За малолетни лица, лица лишени од деловна способност барањето го поднесува родителот, посвоителот или старателот.

За тешко болно, неподвижно лице барањето може да го поднесе член од неговото семејство со знаење и согласност на болното лице.

Документите кои се приложени кон барањето се доказ во постапката и не се враќаат на барателот.

Барањето кое е поднесено без потребната документација нема да биде предмет на понатамошно разгледување.

Поднесеното барање со приложената документација го разгледува посебна комисија формирана од Градоначалникот на Општина Кочани.

За разгледување на поднесените барања Комисијата се состанува по потреба, но не подоцна од 30 дена од денот на поднесување на барање за одобрување на овој вид на помош.

При разгледување на барањето и приложената документација комисијата со известување може да побара барателот да достави дополнителна документација во случај на нејасна и/или некомплетирана поднесена документација и да му определи рок за доставување на истата во спротивно барањето ќе го смета за некомплетно и истото ќе биде одбиено.

За својата работа комисијата изготвува писмен записник до Градоначалникот, во кој констатира: состав на комисијата која го разгледува предметот/те, колку барања се поднесени, колку се разгледани, дали барателот/те ги исполнува условите од овој Правилник за доделување на овој вид на помош, дали за одобрување на овој вид на помош се обезбедени средства во Буџетот на Општина Кочани за тековната година, дали одобрувањето на овој вид на помош е во согласност со Програмата за социјална, здравствена и детска заштита на Општина Кочани. Доколку барањето е оценето како основано и прифатливо комисијата до Градоначалникот дава предлог за прифаќање на истото и за висината на износот на паричната помош која треба да ја одобри Градоначалникот согласно чл.4 од овој Правилник.Доколку барањето е некомплетно и неосновано комисијата до Градоначалникот дава предлог истото да го одбие.

Доколку во постапката се констатира дека барателот дал нецелосни или невистинити податоци, истиот го губи правото да ја оствари оваа помош согласно овој правилник.

Член 4

Еднократната парична помош за лекување на тешко болни лица, жители на општина Кочани ја утврдува и одобрува Градоначалникот на Општина Кочани со Решение, на предлог на комисијата, во висина утврдена во зависност од износот кој треба да го плати барателот за лекување и тоа според следните услови:

- во износ помал или еднаков на 20.000,00 денари за лекување на тешко болни лица, жители на општина Кочани ако барателот треба да плати за лекување износ до 300.000,00 денари;
- во износ помал или еднаков на 40.000,00 денари за лекување на тешко болни лица, жители на општина Кочани ако барателот треба да плати за лекување износ еднаков или поголем од 300.001,00 денари до 600.000,00 денари;
- во износ помал или еднаков на 60.000,00 денари за лекување на тешко болни лица, жители на општина Кочани ако барателот треба да плати за лекување износ еднаков или поголем од 600.001,00 денари.

По исклучок од ставот 1 на овој член Градоначалникот може да одлучи да одобри помал износ на еднократна парична помош за лекување од утврдениот максимален износ по алинеи од ставот 1 на овој член и ако:

- барателот во барањето побарал помал износ на еднократна парична помош која му е потребна за лекување;
- од увидот на доставените докази комисијата утврди дека барателот треба да плати помал износ за лекување за наведената болест од утврдениот максимален износ по алинеи од ставот 1 на овој член или
- во буџетот на Општина Кочани има помалку средства од средствата кои можат да се одобрат на барателот/те согласно овој член, во тој случај комисијата може да предложи истите да се распределат сразмерно според видот на болеста по поднесени барања или само на еден барател ако е поднесено само едно барање.

По исклучок од ставот 1 на овој член Градоначалникот може да одлучи да одобри поголем износ на еднократна парична помош за лекување од утврдениот максимален износ по алинеи од ставот 1 на овој член ако:

- барателот се наоѓа во тешка социјална и/или материјална положба, која треба да ја докаже со доставување на писмена документација во постапката по барање на комисијата. Под тешка социјална положба се мисли на следната состојба во која се наоѓа барателот: живее во семејството со друго/и инвалидно/и лице/а или со лице/а кои имаат друг вид на тешки аномалии или попречености во менталниот или телесниот развој и др. ситуации на социјален ризик во кои се наоѓа барателот и кои треба да ги докаже. Под тешка материјална положба се мисли на следната состојба во која се наоѓа барателот:сите членови на семејството се невработени или не остваруваат материјални приходи по било кој основ или остваруваат ниски материјални приходи до 5.000,00 денари месечно просечно по член на семејство, кое треба да го докаже. За докажување на статусот на невработеност се доставува потврда од Агенција за вработување во РМ- Кочани, за ниски минимални приходи - Уверение од УЈП; за докажување на социјалната положба се доставува соодветна медицинска и друга документација. Документите се доставуваат во фотокопија по барање на комисијата. Комисијата може да побара да изврши увид на оригиналните документи, чиј фотокопии се доставени во предметот.

При распределба и одобрување на овој вид на помош приоритет имаат лицата кои имаат потреба од итна медицинска помош, односно кога здравствената состојба на болното лице е витално загрозувачка по неговиот живот, а кое нешто може да се констатира од медицинската документација или мислење од лекар/здравствена установа.

Врз основа на поднесеното барање и приложените докази, доколку комисијата оцени дека барателот ги исполнил условите утврдени со овој Правилник, Градоначалникот на Општина Кочани ќе донесе Решение со кое ќе одобри еднократна парична помош за лекување на тешко болни лица, жители на општина Кочани во висина и според услови утврдени во овој член на овој правилник.

Еднократна парична помош за лекување на тешко болни лица, жители на општина Кочани според овој Правилник се доделува еднократно по барател.

Лице на кое еднаш веќе му е одобрена овој вид на помош нема право да бара повторно да му биде одобрена овој вид на помош.

Член 5

Решението за одобрување на еднократна парична помош за лекување на тешко болни лица, жители на општина Кочани донесено од Градоначалникот на Општина Кочани се доставува до Секторот за финански прашања при Општина Кочани за постапување и извршување на истото и до барателот за негово информирање.

Износот на одобрената еднократна парична помош за лекување на тешко болни лица, жители на општина Кочани, се исплаќа на сметката на барателот.

Средствата во рамките на кои Градоначалникот на Општина Кочани може да одобрува еднократна парична помош за лекување на тешко болни лица жители на општина Кочани се обезбедуваат во Буџетот на Општина Кочани секоја буџетска година, во согласност со Програмата за остварување на социјална, детска и здравствена заштита на Општина Кочани која ја донесува Советот на Општина Кочани.

Член 6

Против Решението на Градоначалникот незадоволната странка може да поднесе жалба во рок од 15 дена од денот на приемот на Решението.

Поднесените жалби ги разгледува посебна комисија формирана од Градоначалникот во состав од најмалку 3 члена со нивни заменици со мандат од 4 години.

Комисијата од ставот 2 на овој член има задача да ги разгледа поднесените жалби и во рок од 7 дена до Градоначалникот да достави извештај од својата работа со предлог за основаноста на поднесената жалба.

Врз основа на поднесениот извештај од комисијата Градоначалникот одлучува со Решение со кое ќе ја прифати или ќе ја одбие поднесената жалба.

Решението на Градоначалникот е конечно и се донесува во рок од 15 дена од денот на приемот на извештајот на комисијата која ја разгледала жалбата.

Член 7

Овој правилник може да се измени или дополни само во писмена форма.

Член 8

Овој правилник влегува во сила со денот на донесувањето, а ќе се објави во „Службен гласник на Општина Кочани“.

Бр.09-2434/1
14.11.2018 година
К о ч а н и

Претседател
на Советот на Општина Кочани,
Томе Солевски

Изготвил: А.И.Ѓ и А.К.